# МАТЕРИЈАЛИ

Александар ТРАЈАНОВСКИ

## КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВИНИЧКАТА АФЕРА ОД 1897 ГОДИНА
### (По повод 100 години од настанот)

Виничката афера од ноември 1897 година зазема значајно место во нашата национална историја. Всушност, со нејзиното ненадејно разоткривање, во ноќта на 14 наспроти 15 ноември (по стар стил), односно на 27/28 ноември 1897 година (по нов стил) се случило првото помасовно разоткривање на мрежата на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). По убиството на богатиот и добродушен Турчин Каазим-бег во Виница, од страна на една банда дојдена од Бугарија, ноќта на 14 спроти 15 ноември 1897 година (по ст. стил), турската потера разоткрила складишта со муниција и оружје на повеќе места во Источна Македонија. Во таа смисла, само во Виница биле откриени 50 пушки, 20 бомби и неколку сандаци со оружје и муниција. Ова им дало можност на турските власти да притворат повеќемина членови или симпатизери на Македонската организација во Штип, Кочани, Пехчево, Царево Село (Делчево), Радовиш, Кавадарци, Злетово, Лесново, Кратово, Куманово, Крива Паланка и на други места. Како резултат на тоа, в затвор се нашле 528 луѓе. Поголем број од нив биле измачувани, тепани или затворани. Поради тоа, над 300 луѓе побегнале во соседна Бугарија.

За Виничката афера, уште на времето, првични и изворни податоци дале бројни европски дипломатско-конзуларни претставници во Македонија. Еден дел од нивните искажувања веќе се прибрани од македонските истражувачи. Тоа овозможило главно на македонските историографи да публикуваат добар дел од нивните дипломатски известувања и соопштенија. Врз основа на тие известувања, но и на сопствени богати теренски истражувања и консултирања на основната литература и периодика, најмногу, во суштината на проблематиката досега, има навлезено проф. д-р Александар Апостолов.[1] Освен забележителната, на времето статија за спомнатава проблематика, проф. Апостолов ја објави првата

[1] А. Апостолов, "Виничката афера" - прво масовно раскривање на Тајната македонoодринска револуционерна организација, "Историја", XIII/2, Скопје, 1977, 105-114.

монографска студија за Виничката афера.[2] За овие мошне трогателни настани од нашата национална историја, изворни материјали имаат објавено проф. д-р Михајло Миноски и Ѓорѓи Стојчевски.[3] Своевремено, и ние донесовме автентични архивски материјали за текот на Виничката афера од 1897 и тешките последици, како резултат од нејзиното разоткривање во текот на 1897 и 1898 година, и тоа од руска провениенција, кои за жал до денес не стасавме да ги публикуваме.[4]

Оставајќи ги овие документи за некои други, поповолни услови за публикување, во оваа прилика вниманието ќе биде свртено кон нашево најново архивско откритие од последниве наши истражувања во Ценралниот државен архив во Софија (Ц.Д.А-С.), Р. Бугарија. Иако тука станува збор само за една скромна информација (еден краток документ) за Виничката афера, а по повод сто-годишнината од провалата, што нè предизвика на јубилејниов настан да му обрнеме соодветно внимание, истиот да го прокоментираме и да ѝ го понудиме на објективната научна јавност. Во случајов, станува збор за едно кратко информирање, упатено на адреса на митрополитот Методиј Кусевич[5], што го пронајдовме во ЦДА-С., во фондот бр. 420к, опис бр.2, арх.ед. 100, под наслов Кусевич Методи (1838-1922). Овој забележителен егзархиски ѓакон, протосингел, архимандрит, епископ Велички и митрополит Старозагорски од македонско потекло, среде македонското иселеништво и емиграцијата (печалбарите, работниците, учениците или студентите) во Цариград, Одрин, Одеса, Киев, Москва, Сан-Петербург, Пловдив, Стара Загора и особено во Софија, одиграл мошне значајна улога. Кон него се обраќала бројната македонска интелигенција и емиграција и други учени лиѓе на времето од друга провиниенција за совет, за консултација, за морална или материјална помош.

Во обемниот фонд за животот и дејноста на митрополитот Методиј Кусевич, кој го сочинуваат 1144 архивски единици и големиот број документи, кои имавме среќна околност да ги консултираме, меѓу првите

---

[2] А. Апостолов, Виничката афера 100 годишнина, Виница, 1997, 120.

[3] М. Миноски - Ѓорѓи СТОЈЧЕВСКИ, Австриски документи за Виничката афера, 1897/1898 година, "Гласник" на ИНИ, XXV/2-3, Скопје, 1981, 329-355.

[4] Види: Архив внешней политики России (АВПР), Фонд: Политархив (ПА), Опис 482 Ускюб, Дело бр. 1469, Ускюб, 29 ноемврiя 1897, бр. 144, л. 83-84; 85-86; 87; 88-89; 92-93 и 94-95: Дело бр. 1470, Ускюб, 27 Январiя 1898, бр. 13, л. 6-7; 8-9; 16-17 и лист 34.

[5] Тодор (Тоде) Кусев е роден во Прилеп во 1838 година. Откако се замонашил го добил црковното-монашкото име Методиј, а откако на постари години ги завршил теолошките студии на Санпетербурашката духовна академија, презимето му се дооформило и транформирало како Кусевич. Избран најпрво за егзархиски старозагорски епископ велички (1894), починал како митрополит на спомнатава епархија во 1922 година во Софија. Неговиот гроб се наоѓа во Стара Загора.

историографи пронајдовме една куса и првична информација за разоткривањето на Виничката афера од 1897 година и последиците, коишто произлегле од неа. Информацијата до митрополитот Методиј Кусевич ја поднела личноста потпишана како "Вашиот Бојан". Дали тоа е неговиот внук од сестра - Бојан Ачков или пак станува збор за Бојан Д. Биолчев? Со оглед на тоа, Бојан Ачков во неколкуте свои писма до Кусевича, се обраќал со специфичните топли, искрени, роднински зборови "Лубезнии ми вујчо Методиј", а најчесто на крајот на писмата кога требало да се легитимира, ја употребувал формулата "Од Вашиот покорен внук Б. Ачков".[6] Изгледа дека тука станува збор за Бојан Д. Биолчев. Значи, поверојатно е дека првичните информации за Виничката афера митрополитот Методиј Кусевич ги примил од Бојан Биолчев, затоа што во истата архивска единица (бр. 100) се среќаваат уште четири писма, што спомнатиов Бојан Биолчев ги испраќал до старозагорскиот митрополит. Имено, првото обраќање потекнува од Прилеп, од 18 мај 1894 година,[7] второто од Битола од 1, односно (по нов стил), од 13 февруари 1895 година,[8] третото од Софија од 25 август 1879 година,[9] а четвртото повторно од Софија, од 27 август 1897 година.[10] Во сите тие писма до митрополитот Методиј Кусевич авторот на информацијава за Виничката афера се потпишувал како Бојан Д. Биолчев или само Б.Д. Биолчев. Само во петтото писмо, каде што ја соопштува оваа куса информација за Винчката афера, тој се потпишал како "Ваш - Бојан"[11]. Впрочем, во сите пет писма се согледува дека преовладува ракопис, пишуван од раката на еден човек - во случајов од Бојан Д. Биолчев. Но, да оставиме ракописот да говори сам за себе.

**"Ваше Преосвештенство,**

**Денес примив телеграма од Ќустендил со многу жалосна содржина. На 15 м(есецов) во Виница, Кочани, Штип и во селото Лески и во многу други села е направена блокада од војската, а пак, пред тоа башибозукот ги нападнал Виница и Лески и уште неколку други села. Има обесено двајца и двајца заклани. Двајца** (од мртвите) **се мои познаници.**

**Во Виница и Лески имало** (пронајдено за време на провалата) **воени бомби и пушки со патрони. Само прашањето кое што ви го предлагавме може да нè спаси. Затоа, гледајте тоа да се реализира на секаков начин.**

---

[6] ЦДА-С., Фонд бр. 420к, Кусевич Методи (1838-1922), оп.2, арх. ед. 76, л.1-2; 3; 4-5; 6-7; 8.

[7] Истото, л. 1 (Вход бр. 13).

[8] Истото, л.2-2а.

[9] Истото, л. 3-3а.

[10] Истото, л. 4-4а.

[11] Истото, л. 5-5а.

**Сега ќе има конгрес од македонските друштва. Тоа ви овозможува да можете да го земете во свои раце македонското прашање.**

**Атакуван е нашиот најглавен канал на преносот.[12] Вашето ангажирање ќе поправи сè.**

**Софија** **Ваш**

**24 ноември 1897** **Бојан".**

[12] Се однесува за пренос на оружје и муниција од Бугарија во Македонија.